Постапувајќи по претставката за спречување и заштита од дискриминација, заведена под бр.0801-104/1 од 31.05.2021 година, поднесена од [redacted] против СЕТУГС „Михајло Пупин" - Скопје и директорот [redacted] за заштита од директна дискриминација врз основа на член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр.258/20) извршена врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) на 19.08.2021 година го донесе следново

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-104/7
19.8 2021 год.
СКОПЈЕ

# МИСЛЕЊЕ

**Не се утврдува дискриминација** врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на СЕТУГС „Михајло Пупин" - Скопје и директорот [redacted] кон наставникот [redacted]

## Образложение

На 31.05.2021 година од страна на наставникот [redacted] до КСЗД е доставена претставка за заштита од дискриминација поднесена против СЕТУГС „Михајло Пупин" - Скопје и директорот [redacted]. Во претставката подносителот се жали дека е дискриминиран од страна на директорот на училиштето кој повел таргетирана дисциплинска постапка против него и притоа не ги почитувал законските прописи при спроведување на истата. Заедно со претставката на 31.05.2021 преку емајл подносителот поднесе и опис на настанот на кој е базирана претставката. Врз основа на овие документи КСЗД според член 26 од ЗСЗД утврди веројатност за дискриминација и затоа на 12.07.2021 година до СЕТУГС „Михајло Пупин" и директорот [redacted] беше пратено барање за изјаснување заверено под број 0801-104/2.

На 06.08.2021 година КСЗД доби одговор по барањето кое е заверено под број 0801-104/3. Во договорот СЕТУГС „Михајло Пупин" ни ги достави внатрешните преписки помеѓу службата на училиштето и вработениот. Преписките се содржат од *„Поплака од родител"*, *„Известување за посета и распоред на наставни часови"*, *„Записник од следењето на наставните часови"*, *„Предлог за покренување на дисциплинска постапка"*, *„Одлука за покренување на дисциплинска постапка"*, *„Покани за присуство на седница"*, *„Приговори од* [redacted] *против Предлогот за покренување на дисциплинска постапка"*, *„Одговори по приговорите"*, *„Записници од седниците"*, *„Мислењето на комисијата за утврдување на дисциплинска повреда„* и *„Одлука за запирање на дисциплинската постапка"*. Во последните два документи, јасно се гледа одлуката со која дисциплинската комисија се одзела од оценката на дисциплинскиот прекршок затоа што не била прописно поставена и одлуката за запирање на дисциплинската постапка против наставникот [redacted]

На 10.08.2021 година КСЗД до СЕТУГС „Михајло Пупин" преку емајл достави ново Барање за изјаснување заверено под број 0801-104/5 со кое од директорот се бара да ги достави: 1) Статутот на СЕТУГС „Михајло Пупин", 2) појаснување дали некој од наставниците од дописот 03-330/2 евидентирале и реализирале додатна настава и воннаставни активности и 3) распоред за дополнителна настава. На 23.06.2021, директорот ги достави наведените документи. По разгледување на целата документација, КСЗД увиде дека другите професори кои не реализирале додатна настава поминале само со опомена а единствено на наставникот [redacted] му била поведена прекршочна постапка.

Поради тоа на 12.08.2021 КСЗД побара додатно изјаснување од директорот за ваквата одлука, по што од страна на директорот ни беше објаснето дека за разлика од другите наставници единствено наставникот [redacted] претходно имал писмено предупредување за прекршување на работните обврски и дисциплина преку ненајавено отсуство во редовната настава за деновите 08.11.2018, 13.11.2018 и 21.11.2018 година. Писменото предупредување уредно ни беше доставено и во КСЗД е заверено под број 0801-104/6.

Со тоа КСЗД утврди дека наставниот [redacted] не бил ставен во понеповолна положба во однос на друго лице или група и донесе мислење кое е запишано во диспозитивот.

Пратено до:

- [redacted]
- [redacted] СЕТУГС „Михајло Пупин“, ул. Благоја Стефковски б.б., 1000 Скопје

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Скопје, 19.08.2021

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk